Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА-ФИЛМСКИ ЦЕНТАР ВАРДАР ФИЛМ
INSTITUCIONI NACIONAL-QENDRA FILMIKE VARDAR FILM
Бр.-Nr. 03 - 204/2
06.07 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Министерство за култура

Од: Директорот на НУФЦ „Вардар филм" – Скопје

Предмет: Извештај за работата на Директорот на НУФЦ„Вардар филм" – Скопје

Почитувани,

Според член 31-Б став 1 од законот за култура и член 15 од Статутот на НУФЦ „Вардар филм" – Скопје, како директор должен сум да изготвам извештај за работата на институцијата, за првите шест месеци од 2021 година. Имено, за овие шест месеци односно од средината на април, откако бев именуван, остварив многубројни средби и контакти со филмски експерти ширум земјава и странство. Мора да се напомене дека особен акцент се дава на сродните институции, и по остварените средби со Директорите на Агенција за филм, Кинотека и ДФРМ веќе се продлабочија меѓусебните соработки. Овие средби ќе допринесат да имаме многу заеднички проекти во иднина кои ќе имаат голем допринос за развој на институциите како и во културата.

Секојдневно работиме и на оспособување и расчистување на просториите на институцијата со цел да ја заживееме установата и да ги собереме филмските работници во нивната матична куќа, Вардар филм. Поголемиот дел од просториите во установата беа полни со непотребни нешта и ѓубре и се користеа единствено како магацин. Уште во првата недела почнавме да ги чистиме и приспособуваме, за да можат да бидат повторно во функција. Се работи на неколку простории: т.н. бункер кој ќе биде соодветна просторија каде што ќе биде складиран целиот фундус на костими и реквизити на установата. Просторијата меѓу тонската и киносалата, т.н. „12", е исчистена и ослободена од сите непотребни ствари, ја реновираме комплетно и планираме да служи како колор grading & editing студио. И фоајето е во фаза на реновирање, ќе биде освежено со нов мебел и опкружено со експонати од ризницата на установата. Во следните месеци ќе почне реновирањето на старото бифе кое

ќе прерасне во модерен филмски клуб. Реновирана е и директорската канцеларија, со додатен личен труд и удел. Со нов лик, спремна е да ги пречека достојно сите гости и потенцијални соработници.

После интензивна работа целиот овој период, гордо може да најавам дека реновирањето на киносалата е во завршна фаза и за кратко ќе биде пуштена во употреба со нов комплетно уреден ентериер и нова современа инсталирана опрема. Во тек е и реновирањето на помошната проекциона сала, т.н. „12". Со тоа, киносалата со целосен капацитет ќе биде во функција и достапна за сите филмски работници за реализирање на нивните проекти, како и за поширокиот аудиториум за вечерни проекции, штом тоа ќе биде безбедно и дозволено од надлежните органи.

Филмските работници и домашните/странски продукции се концетрираат кон Вардар филм, изнајмувајќи костими и реквизити од фундусот на институцијата, изнајмување на објективи при снимање на филмски проекти, одржувајќи кастинзи, костимски и актерски проби, како и користејќи канцелариски простории како свои седишта (логистичка база) при реализација на филмски проекти, претстави и фестивали. Како позначајни соработки во кои Вардар филм беше/е техничка поддршка во овие шест месеци, би сакале да ги истакнеме:

Албански народни приказни – Фрејм ин продукција

МНТ – Ничија земја

Хуманитарен рекламен спот - Вертиго Визуалс

„Кајмак" – Милчо Манчевски, Банана филм продукција

Вардар филм во изминатиов период беше/е поддршка и на неколку филмски фестивали, како: ИФФК „Браќа Манаки", „Златна рамка". Исто така, во соработка со ДФРМ сме вклучени во проектот „50 години Македонски анимиран филм" на авторите Иван Ивановски и Слободан Јаќоски кој треба да се одржи во ноември 2021.

Во континуитет НУФЦ „Вардар филм" - Скопје го реализира проектот „Тајните архиви на градот", кој се состои од дигитализација на 8 и супер 8мм филмски ленти, а се реализира со поддршка од град Скопје. Моментално работиме на трета реализација на проектот, чија што премиера се очекува до крајот на 2021 година.

Морам да го напоменам нашето учество на еден од најпрестижните филмски фестивали во светот, во Кан, Франција, кое претставува уште еден значаен чекор кон враќање на угледот и доистоинството кои „Вардар филм" ги имал во минатото, како многу битна и реномирана филмска институција. Во Кан ќе се направат контакти со странски продуценти и копродукции, а тоа ќе биде база за потецијални соработки во блиска иднина. „Вардар филм" полека но сигурно се враќа таму каде што припаѓа. Од првиот ден се залагам да се врати реномето и достоинството на установата, трансформирајќи ја во еден модерен филмски центар, со сета нејзина автентичност и богата историја. Ќе направам сѐ што е во моја моќ, заедно со тимот на установата, членовите на управниот одбор и со Ваша поддршка, „Вардар Филм" да биде повторно местото каде што филмските работници и продукции ќе може да ги реализираат своите филмски проекти од почеток до крај, во модерни услови и опремени простории, исклучиво со најповолни цени. Првенствено ни е потребна добра инфраструктура во установата, да имаме и color grading & editing студио, во пакет со кино салата и тонската сала. Планираме да набавиме и нова професионална камера и друга опрема, која ќе биде дел од проширениот асортиман на услуги.

Како директор на НУФЦ „Вардар филм" - Скопје сериозно сум посветен кон рестартирање на институцијата и враќање на сјајот на овој значаен филмски центар, а во остварување на оваа цел верувам во Вашата поддршка, особено при реализацијата на нацрт-годишната програма за 2022 година.

Со почит,

05.07.2021

Скопје

Директор

Sani Saidi